**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 93/4**

**Скопје, 21.02. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Берово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Венко Пашалиски, Градоначалник на општина Берово во 2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 15.10.2007 до 19.10.2007 и од 29.10. 2007 до 31.10.2007, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 07.02.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Берово за средствата на сметката на Буџетот, под број 03-116/1 од 06.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Берово. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодите од точките 10.2.1. ; 10.2.2. и 10.3.1. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање.

- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка 10.3.2., не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за превземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на утврдување и наплата на даночните приходи**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на даночните приходи, ревизијата констатира постоење ризик од неточно утврдување даночни приходи (надомест за уредување на градежно земјиште) поради неразграничени надлежности во фазата на утврдување, контрола и наплата и поради отсуство на пишани процедури.

**Препорака:**
Ревизијата препорачува да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во делот на изготвување и контрола на пресметките за утврдување надоместок за уредување на градежно земјиште.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Општина Берово во текот на 2006 година има остварено приходи во износ од 1.428 илјади денари по основ тековни донации од граѓани за финансиско учество во изработка на урбанистички план вон населено место за туристичка населба Суви Лаки, врз основа на Одлука донесена од градоначалникот на општината. Одлуката не е донесена од советот на општината што е спротивно на членот 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законската регулатива придонесува за

нетранспарентност во работењето и операционализација на одлуката која не е усвоена од советот.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот, советот да донесе одлука за финасирање изработка на урбанистички планови.

11.2.2. Општина Берово со Буџетот за 2006 година има планирано приходи/расходи во износ од 40.103 илјади денари, меѓутоа во текот на 2006 година реализирани се приходи во износ од 31.128 илјади денари и расходи во износ од 28.125 илјади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 3.003 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 77,62 %, а расходите со процент од 70,13 %. Според тоа, општина Берово имала обврска да донесе ребаланс согласно член 36 од Законот за буџетите, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува Советот на општината на предлог на градоначалникот. Ефектот од тоа е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи, на буџетот за 2006 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите/расходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% како зголемување или намалување на буџетираните износи е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

**11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. Позицијата Краткорочни побарувања е потценета за износ од 7.240 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на Пасивните временски разграничувања поради неевидентирање на побарувањата по повеќе основи кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Општина Берово не ги евидентирала во сметководството побарувањата и тоа:
- побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 2.395 илјади денари. Од страна на општина Берово со склучување на договорите за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се плаќа 30% од утврдениот надоместок, кога и се дава одобрение за градење, а остатокот од надоместокот е регулирано да се плати на рати без да се обезбедат инструменти за обезбедување на плаќањето што влијае на навремената наплата на побарувањата по овој основ.
- побарувањата по основ на данок на имот во износ од 4.003 илјади денари и тоа основен долг во износ од 3.430 илјади денари и камата за данок на имот во износ од 573 илјади денари и
- побарувањата по основ на комунална такса за истакнување на фирма и реклами во износ од 842 илјади денари.

Непостапувањето согласно законската регулатива придонесува за нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба на 31.12. 2006 година.

**Препорака:**
Одделение за сметководство, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, е должно во сметководството да ги евидентира побарувањата кои ги има од комитентите по разни основи, вклучително и по претходно споменатите основи, како би се имало реална состојба на идните приходи на општината.

11.3.2 Ревизијата не се увери во реалноста на побарувањата во износ од 537 илјади денари (19 илјади денари побарувања од граѓани и 517 илјади денари побарувања од правни субјекти) кои претставуваат стари салда пренесени од претходни години, кои биле евидентирани во сметководството на Фондот за локални патишта, а со укинување на истиот се превземени како состојби во сметководството на општината. Од страна на надлежните во општината на ревизијата не и беше презентиран доказ кој ќе ја потврди реалноста на овие побарувања. Ваквата состојба придонесува за прикажување на нереални финансиски извештаи.
Во периодот на забелешки по Предходен извештај, Градоначалникот на општина Берово има донесено решение за забрана од плата за две лица за повеќе исплатени плати односно во функција на регулирање на побарувањата од физички лица.
Што се однесува до побарувањата од правни субјекти презентирани се документи за основот и времето на настанување на истите.

**Препорака:**
Градоначалникот да предложи, а Советот на општина Берово да донесе конкретни акти за расчистување на овие состојби.

12. Според наше мислење, поради наодите во точката 11.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Берово на ден 31 декември 2006 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Во врска со препораките од Конечниот ревизорски извештај за финансиските извештаи за 2001 година на сметката на Буџетот на општина Берово, од страна на надлежните од општина Берово се преземени мерки за надминување на состојбите.

**Скопје 18.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 9,182 | 7,124 |
| Неданочни приходи | 3.2 | 2,401 | 509 |
| Трансфери и донации | 3.3 | 19,545 | 11,620 |
| **Вкупно приходи** | | **31,128** | **19,253** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.4 | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1 | 9,309 | 6,285 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2 | 61 | 68 |
| Стоки и услуги | 3.4.3 | 10,363 | 6,092 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4 | 289 | 953 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20,022** | **13,398** |
| Капитални расходи | 3.5 | 8,103 | 4,200 |
| **Вкупно расходи** | | **28,125** | **17,598** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3,003** | **1,655** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 3,003 | 1,655 |
| Побарувања | 4.1.2 | 618 | 597 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3 | 1 | 1 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.4 | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3,623** | **2,254** |
| **Вкупна актива** | | **3,623** | **2,254** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 5.1.1 | 2 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.1.2 | 3,621 | 2,252 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3,623** | **2,254** |
| **Вкупна пасива** | | **3,623** | **2,254** |